Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2026 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/14**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сотир Лукровски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2026 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош настојувајќи да оддржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Редовен сервис, оддржување, полнење, контролно испитување и атестирање на противпожарни апарати во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Перманентно оддржување на противпожарните апарати и успешно и квалитетно справување во случај на појава на пожар |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош. |
| **Финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **2.** | |
| **Опис на активности:** | Редовен сервис, оддржување, испитување и набавка на дополнителна опрема за хидрантските мрежи во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Перманентно оддржување хидрантската мрежа, зголемен притисокот и протокот на вода во хидрантските мрежи во Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош и успешно и квалитетно справување во случај на појава на пожар |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **3.** | |
| **Опис на активности:** | Редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на шахти на подрачјето на Општина Карпош, како и поставување на репеленти против змии на објектите во сопственост на Општина Карпош, во основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош, како и на јавни површини на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Ефикасно уништување ан штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, |

| | |
|---|---|
| | основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош и јавните површини на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 2.000.000,00 денари |
| 4. | |
| **Опис на активности:** | Испитување на заземјување на громобранска инсталација на објектите во сопственост на Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Квалитетно оддржување на системите за громобранско и заштитно заземјување и отпор на изолација |
| **Целна група:** | Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| 5. | |
| **Опис на активности:** | Набавка на опрема за потребите на Просторната единициа за заштита и спасување на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Најсовремена опрема за сите членови на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош, со која ќе можат да одговорат на сите видови на природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот. Со оваа современа опрема Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош ќе може да делува |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

| | |
|---|---|
| | ефикасно и квалитетно на сите дадени задачи, како во Општина Карпош, така и како испомош на другите општини на цела територија на Република Северна Македонија и пошироко. |
| **Целна група:** | Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 700.000,00 денари |
| 6. | |
| **Опис на активности:** | Обука и организирање на вежбовни активности за припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Подготвеност на Просторната единица за заштита и спасување за делување дадена ситуација. Успешно совладување на обуките и стекнување со одредени вештини од посетените курсеви и обуки |
| **Целна група:** | Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |
| 7. | |
| **Опис на активности:** | Оддржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системи за воздушно и водено греење и котли за парно греење во објектите основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Заштита од појава на пожар |
| **Целна група:** | Основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош и ООУ Аврам Писевски |

| | |
|---|---|
| **Финансиска рамка:** | <u>250.000,00 денари</u> |
| 8. | |
| **Опис на активности:** | Процена на штети од природни непогоди и други несреќи на движен и недвижен имот |
| **Очекувани резултати:** | Навремена проценка на штети |
| **Целна група:** | Движен и недвижен имот на граѓани и институции, како и имотот на Општина Карпош, урбаните и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на Општина Карпош |
| **Финансиска рамка:** | <u>200.000,00 денари</u> |
| 9. | |
| **Опис на активности:** | Во согласно со членот 21, став 3 и членот 51 став 1, алинеја 3 од Законот за пожарникарство, („Службен весник на РМ” бр.67/04), уредено е дека, Општините и Градот Скопје, односно општините во Градот Скопје, надлежни се да обезбедат простор и финансиски средства за тековна активност на доброволната противпожарна организација на својата територија како единствениот извор за нивно финансирање.<br>Во Буџетот на Општината за 2026 година потребно е да се планираат финансиски средства за доброволни противпожарни организации кои што дејствуваат на подрачјето на Општина Карпош.<br>Оваа активност ќе се реализира по пат на јавен повик. Изборот ќе се утврди од комисија формирана |

| | |
|---|---|
| | од страна на градоначалникот на Општина Карпош. Доброволните противпожарни друштва треба да достават барање до општината со програми и активности за реализација за претходна година. |
| **Очекувани резултати:** | Помагање со финансиски средства на доброволни противпожарни организации за вклопување во системот на противпожарна заштита. Спроведување на превентивни мерки кои ќе ја подигнат свеста на граѓаните од аспект на противпожарна заштита и учество во противпожарна заштита. |
| **Целна група:** | Доброволни противпожарни друштва |
| **Финансиска рамка:** | 100.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Вкупно предвидена финансиска рамка** | 6.750.000,00 денари |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма во износ од **6.750.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кој согласно од потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршниодредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-11690/17**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Христо Саракинов